Врз основа на член 18 и 104 од Законот за здруженија и фондации (Службен весник на РМ бр. 52/2010 година) Собранието на Сојузот на хемичарите и технолозите на Македонија, на седницата одржана на 21 април 2017 година, го донесе следниов

# СТАТУТ

НА ЗДРУЖЕНИЕТО

## СОЈУЗ НА ХЕМИЧАРИТЕ И ТЕХНОЛОЗИТЕ НА МАКЕДОНИЈА

### I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 1

Називот на здружението на хемичари и технолози на Македонија гласи: Сојуз на хемичарите и технолозите на Македонија, а скратен назив е: СХТМ (во натамошниот текст – Сојуз).

Називот на англиски е: Society of Chemists and Technologists of Macedonia, а скратен назив на англиски е: SCTM.

Седиштето на Сојузот е во просториите на Институт за хемија, Природно-математички факултет Скопје, ул. Архимедова бр. 5, 1001 Скопје, Република Македонија и делува на целата територија на државата и во други земји.

Амблемот на здружението е стилизирана молекула во зелен ерленмајер под кој со темно сини букви пишува СХТМ:

Амблемот се употребува на меморандуми, сертификати, плакети, потврди и други материјали што здружението ги издава по разни поводи. Изгледот и содржината на амблемот, по потреба, можат да се менуваат со одлука на Извршниот одбор.

Здружението „Сојуз на хемичарите и технолозите на Македонија“ од Скопје е правно лице.

Здружението „Сојуз на хемичарите и технолозите на Македонија“ од Скопје има свој печат и штембил. Печатот е тркалезен и го содржи името на здружението: „Сојуз на хемичарите и технолозите на Македонија“ од Скопје, а во средина пишува „Скопје“. Штембилот на Здружението е правоаголен со следниот текст: „Сојуз на хемичарите и технолозите на Македонија“, број, дата и место.

## II. ЦЕЛИ НА ЗДРУЖЕНИЕТО

Член 2

Цели на здружението се:

- Координирање на работата на своето членство на поле на хемијата, хемиската технологија и хемиско образование;
- Организирање на конгреси, симпозиуми, советувања, семинари, други научни и стручни собири, обуки и работилници;
- Издавање на научното списание *Macedonian Journal of Chemistry and Chemical Engineering* (Македонско списание за хемија и хемиска технологија);
- Издавање на други публикации од областа на хемијата и хемиската технологија и образованието;
- Организирање на натпревари по хемија за средните и основните училишта како и олимпијади и меѓународни натпревари по хемија;
- Активности и грижа за сите хемиски аспекти за заштита на животната средина и здравјето на луѓето;
- Експертизи, консултативни и други услуги од областа на хемијата и хемиското инженерство;
- Промовирање на хемијата и хемиската технологија во општеството;
- Поттикнување на инцијативи кај надлежните институции и организации во насока на остварување на целите на СХТМ;
- Воспоставување контакти со соодветни меѓународни и национални асоцијации;
- Преземање и на други активности што се од интерес на членството на СХТМ.

## III. ЧЛЕНСТВО И ОРГАНИЗАЦИЈА

### Членување во Сојузот

Член 3

Членувањето во Сојузот на хемичарите и технолозите на Македонија е доброволно и ги вклучува сите кои завршиле кои било студии по хемија или по хемиска технологија или сродни струки на сите нивоа на образование, како и друг кадар поврзан со работата на Сојузот. Во Сојузот може да членуваат и студенти по хемија и хемиска технологија.

Сојузот може да има и колективни членови.

Основачите се членови на здружението со еднакви права и одговорности, како и другите членови на здружението.

Член 4

Членовите на Сојузот се должни:

- Да го почитуваат Статутот;
- Да присуствуваат на состаноците, да доставуваат податоци и извештаи за работата на Сојузот во остварување на целите на Сојузот;
- Да плаќаат редовно годишна членарина;
- Да земаат активно учество во спроведување на Програмата на активностите на Сојузот.

Член 5

Членството во Сојузот може да престане:

- По сопствено барање на членот;
- Ако не го почитува Статутот и обврските што произлегуваат од него;
- Ако не ја плаќа редовно членарината;

Одлука за престанок на членството во Сојузот донесува Извршниот одбор на СХТМ.

**Регистар на членови**

Член 6

Сојузот води регистар на членови и евиденција на членовите на органите.

Податоците од ставот (1) на овој член се ажурираат најмалку еднаш годишно.

Здруженијата ја гарантираат анонимноста на личните податоци на членовите кои тоа го побарале.

Податоците од ставот (1) на овој член се заштитени во согласност со прописите за заштита на личните податоци и класифицирани информации.

**Јавност во работата**

Член 7

Работата на Сојузот на хемичарите и технолозите на Македонија е јавна.

Јавноста во работењето се обезбедува со редовно известување (на членовите, други здруженија или пошироката јавност) за работењето и активностите на Сојузот, со увид во спроведување на програмските задачи, со поднесување на извештај за работа на органите и телата на Сојузот, за материјално-финансиско работење и друго.

За информирање на членовите и пошироката јавност може да се користи печатот, радиото, телевизијата, интернет страницата како и списанието, е-билтени и е-пораки.

## Внатрешни организациони форми

Член 8

Во рамките на Сојузот работат секции, ограноци и клубови на студенти.

Секциите се формираат врз основа на заеднички интереси на своите членови.

Ограноците се формираат на територијален или функционален принцип.

Член 9

Во рамките на Сојузот постојат секции за:

– Кристалографија;
– Полимери;
– Терминологија и номенклатура и
– Хемиско образование.

Доколку постои интерес, може да се формираат и други секции, а при отсуство на интерес, некои секции може да престанат со својата работа.

Член 10

Ограноците се организираат во населени места или региони, односно во работни организации во кои постојат поголем број индивидуални членови на Сојузот.

Клубовите на студенти се организираат при факултетите каде студираат студенти по хемија или хемиска технологија.

Член 11

Секциите, ограноците и клубовите на студенти самите донесуваат одлуки за начинот и програмата за работа.

Програмите за нивната работа треба да бидат во согласност со програмата за работа на Сојузот. За програмите за работа и за резултатите од нивното реализирање, секциите, ограноците и клубовите го известуваат Извршниот одбор на Сојузот.

За своите активности Секциите, ако е потребно, донесуваат посебни правилници за работа.

Секциите, односно ограноците имаат база на податоци за своето членство. Базите на податоци се доставуваат во Сојузот и се вградуваат во заедничката база на податоци за членовите.

Член 12

Секциите, ограноците и клубовите на студенти од своите редови (со мнозинство гласови од своите членови) избираат претседавач за мандатен период од четири години (за клубовите на студенти една година), со можност за избор на уште еден последователен мандатен период, како делегати во Собранието на Сојузот.

При изборот на претседавач треба да бидат присутни повеќе од половина од членовите на секцијата, односно друштвото.

## IV. ТЕЛА И ОРГАНИ НА СОЈУЗОТ

Член 13

Органи на Сојузот на хемичарите и технолозите на Македонија се: Собрание, Извршен одбор и Надзорен одбор на Сојузот. Работата на сите тела и органи на Сојузот е јавна.

### Собрание на Сојузот

Член 14

Собранието е највисок орган и ја креира и ја води политиката на Сојузот и расправа и одлучува за тековните и идните активности на Сојузот, а особено за:

- Ја определува глобалната политика на Сојузот, во согласност со член 2 од овој Статут;
- Донесува Статут на Сојузот и одлучува за негова промена;
- Избира претседател на Сојузот;
- Избира членови на Извршниот одбор на предлог на претседателот на Сојузот;
- Избира членови на Надзорниот одбор на Сојузот;
- Донесува одлука за распуштање на Собранието, на Извршниот одбор и на Надзорниот одбор на Сојузот и за отповикување на претседателот на Сојузот;
- Врз основа на доставени предлози од Извршниот одбор, дава согласност за формирање на секции, односно ограноци;
- Донесува програма за работа на Сојузот;
- Донесува финансиски план;

- Усвојува извештаи на Извршниот одбор за работата на Сојузот и на Надзорниот одбор за финансиското работење;
- Одлучува за здружување или разделување од друго здружение и за зачленување во сојузи и меѓународни организации;
- Врши и други работи што се во согласност со член 2 од овој Статут.

Член 15

Во работата на Собранието учествуваат сите регистрирани членови кои ја платиле членарината за тековната година.

Собранието се составува, по правило, еднаш годишно, а го свикува Претседателот на Сојузот. Поканите се испраќаат на електронската адреса членовите која ја имаат дадено со своите податоци.

Член 16

Седницата на Собранието може да се одржи и по барање на Извршниот одбор на Сојузот или на една петтина од вкупниот број членови, кои платиле членарина за тековната година. Образложението мора да биде писмено доставено до Извршниот одбор, односно претседателот на Сојузот. Во случај на вакво барање, ако Претседателот во рок од 14 дена од денот на дадениот предлог не свика седница, седницата ја свикува Извршниот одбор или иницијаторите.

Член 17

Изборното собрание се свикува на секои 4 години и конституирањето на органите и телата мора да се изврши 30 дена пред истекот на мандатот на членовите на органите и телата.

Поканата со материјалите за дневен ред се доставуваат најмалку 7 дена пред одржување на седницата. Поканите се испраќаат на електронската адреса на членовите која ја имаат дадено со своите податоци.

Изборот на претседател и членови на Извршниот одбор и членови на Надзорниот одбор се врши според Деловник за работа на Изборното собрание кој по предлог на Извршниот одбор го донесува Собранието на Сојузот.

Член 18

Одлуките на Собранието се донесуваат со јавно и тајно гласање. За начинот на гласање се одлучува со јавно гласање. Ако не може да се обезбеди кворум,

Собранието може полноправно да одлучува и со електронско гласање кое се регулира со посебен правилник.

**Извршен одбор на Сојузот**

Член 19

Извршниот одбор се состои од седум члена чиј мандат изнесува четири години, со можност за уште еден последователен реизбор.

Извршниот одбор го бира Собранието на Сојузот на предлог на претседателот на Сојузот. Најмалку четири члена на Извршниот одбор треба да бидат со научен степен доктор на науки.

Член на Извршниот одбор се иззема од гласање за прашања поврзани со него, со неговиот брачен другар или роднина до втор степен и за прашања кои се однесуваат на некои лице врз кое тој има контрола или економски интерес.

Член 20

Од своите редови Извршниот одбор избира Секретар кој воедно е и Секретар на Сојузот.

Член 21

Извршниот одбор:

- Ја разгледува глобалната политика на Сојузот во целина, дава предлози за нејзино изменување и дополнување и се грижи за практична реализација на политиката на Собранието на Сојузот;
- Ги разгледува добиените предлози за формирање секции, односно огранoци, ја проценува целисходноста на тие предлози и за своите ставови го известува Собранието;
- Ја разгледува работата на секциите, огранoците односно клубовите на студенти и дава предлози за подобрување на таа работа;
- Ги разгледува можностите и дава предлози за соработка меѓу секциите, односно огранoците;
- Меѓу две седници на Собранието, ги разгледува активностите на Сојузот, на неговиот Претседател, како и спроведувањето на статутарните одредби;
- Го подготвува нацрт статутот, предлага измени и дополнувања на статутот и ги подготвува другите одлуки што треба да ги донесе Собранието;
- Донесува одлуки по приговори и жалби;

- Врз основа на добиените предлози, Извршниот одбор именува научни и организациони одбори на научните и стручните манифестации што се организираат од страна или во име на Сојузот. По прашања поврзани со научни манифестации право на глас имаат само членовите со степен на образование доктор на науки.
- Избира Главен уредник и членови на Уредувачки одбор на списанието *Macedonian Journal of Chemistry and Chemical Engineering*, како и членови на Издавачкиот совет на ова списание. По прашања поврзани со списанието право на глас имаат само членовите со степен на образование доктор на науки.
- Одлучува за одржување на конгреси на СХТМ и ги избира претседателите на организациските и научните одбори на истите. По прашања поврзани со конгресите на СХТМ право на глас имаат членовите со степен на образование доктор на науки.
- Ги изготвува, во содржински и технички поглед седниците на Собранието;
- Ги разгледува предлозите на Претседателот или на други членови за одредени активности на Сојузот.
- Ги разгледува Правилниците и ги дава на усвојување на Собранието;
- Врши и други работи што ќе му ги довери Собранието на Сојузот;
- Одлуки на Извршниот одбор ако нема можност за кворум може да се донесуваат и со електронско гласање.

Член 22

Извршниот одбор за својата работа одговара пред Собранието на Сојузот.

Извршниот одбор се состанува и одржува седници по потреба. Седниците ги свикува Претседателот. Предлог за седница може да поднесе и една половина од Извршниот одбор или една третина од членовите на Собранието.

Со седницата раководи Претседателот, а во негово отсуство ќе раководи член на Извршниот одбор кој ќе го назначи Претседателот.

Начинот на свикување на седниците и работењето на Извршниот одбор се уредува со деловник за работа.

Член 23

На седниците на Извршниот одбор може да учествуваат и претседателите на секциите, односно ограноците, како и поканети членови на Сојузот.

## Надзорен одбор на Сојузот

Член 24

Надзорниот одбор се состои од три члена што Собранието ги избира со мандат од четири години и можност за реизбор во уште еден последователен мандатен период.

Член 25

Надзорниот одбор на првата конститутивна седница од своите редови избира претседател на Надзорниот одбор.

Надзорниот одбор го надгледува и контролира материјално финансиското работење на Сојузот.

Надзорот и контролата ја врши самостојно и за време за кое смета дека е потребно да се изврши контрола. За своите наоди Надзорниот одбор му поднесува годишни извештаи на Собранието на Сојузот.

Член 26

За својата работа Надзорниот одбор му одговара на Собранието на Сојузот.

## Претседател на Сојузот

Член 27

Претседателот на Сојузот го избира Собранието, од редот на членовите кои имаат научен степен доктор на науки.

Мандатот на претседателот на Сојузот трае четири години, со можност за уште еден последователен мандат.

Претседателот го застапува и претставува Сојузот.

Претседателот ги свикува седниците на Собранието и на Извршниот одбор.

Претседателот на Сојузот има право и должност да учествува во креирањето на политиката на Сојузот, да ги раководи седниците на Извршниот одбор и Собранието.

За својата работа претседателот одговара пред Собранието на Сојузот. Доколку Собранието, утврди дека Претседателот не работел во согласност со политиката на Собранието, тоа може да го разреши Претседателот и пред истекот на неговиот мандат.

## V. ФИНАНСИРАЊЕ

Член 28

Финансиски извори на Сојузот се: членарина, котизација од научните и стручните манифестации, котизација за државни натпревари по хемија, државните придонеси за неговите публикации, донации, доброволни прилози, буџет на РМ и локални самоуправи, давање експертски и други услуги и други извори предвидени со Законот и Статутот.

За користењето и располагањето со средствата одлучува Извршниот одбор кој за своите одлуки го известува Собранието на Сојузот.

Член 29

Сојузот има жиро сметка чиј потписник е претседателот.

Извршниот одбор може да донесе одлука покрај претседателот на Сојузот потписник да биде и уште еден член на Извршниот одбор.

Член 30

Висината на годишната членарина со своја одлука ја определува Извршниот одбор на Сојузот.

Член 31

Завршната сметка за приходите и расходите во текот на календарската година ја усвојува Собранието. Во случај на немање кворум завршната сметка може да се усвои и по пат на електронско гласање.

## Престанок со работа на Здружението

Член 32

Здружението престанува со работа во следниве случаи:

- Ако за тоа се изјаснат 2/3 од членовите на Собранието на Здружението;
- Ако бројот на членовите се намали под бројот определен со Закон за основање на Здружение;
- Ако настапат причини утврдени по член 63 од Законот за здруженија и фондации.

Член 33

Во случај на престанок на работата на Здружението, имотот и другите права и приходи што остануваат по намирувањето на обврските, преминуваат во сопственост на организација истоветна на здружението.

Член 34

Доколку не можат да се исполнат условите утврдени во Членот 33, во случај на престанување на работата на здружението неговиот имот преминува во сопственост на државата.

**Преодни и завршни одредби**

Член 35

Толкувањето на овој Статут дава Собранието на Сојузот, а помеѓу две собранија, Извршниот одбор на Сојузот.

Член 36

Статутот може да се изменува и дополнува по постапка која е еднаква со онаа според која тој е донесен.

Член 37

Со донесувањето на овој Статут престанува да важи Статутот на Сојузот донесен 21 октомври 2011 година.

Овој Статут влегува во сила осум дена од денот на донесувањето на 30 април 2017 година.

Претседател на СХТМ,

Скопје, 21 април 2017

Проф. д-р Зоран Здравковски